сандров до забранувањето на нејзината дејност во 1934 година, односно етапи, кои досега, во македонската историографија се оставаат во редот на оние за кои не беше многу благопријатно да се истражува и пишува во таков обем и со таков приод.

Читателот ќе добие одговори на многу дилеми околу самата Организација. Во книгата ќе се најдат многу одговори и за улогата на некои недоволно расветлени личности во нашата историографија и помалку познати на јавноста, но и за оние кои се познати но како контраверзни личности.

Даринка ПЕТРЕСКА

## Ванче СТОЈЧЕВ, БУГАРСКИОТ ОКУПАЦИСКИ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА 1941 -1944 година, Скопје, 1996, 354.

Од неодамна македонската историографија е збогатена со уште еден труд. Станува збор за студијата „Бугарскиот окупациски систем во Македонија 1941-1944 година, од д-р Ванче Стојчев. Овој труд во основа произлегува од научно-истражувачкиот проект „Бугарско-југословенските односи во текот на Втората светска војна", при Военоисторискиот институт на поранешната ЈНА, чии носител бил д-р Ванче Стојчев.

Во изработката на трудот е применет општиот конкретно-дијалектички метод и компаративно согледување како на објавените, така и на необјавените извори и литература од разновидна провиниенција. Студијата располага со бројни нови сознанија и податоци, богати аргументи, како и со нови погледи, ставови и заклучоци, со што таа е интересна и привлечна за читателот. Со оваа студија, за прв пат во македонската историографија бугарскиот окупациски систем во Македонија е обработен во неговата целост. Во трудот поединечно и во детали се разработени воената, полициската, административната и црковната окупаторска власт. Низ целата содржина на трудот се провлекува основната замисла на бугарската влада, дека со II светска војна настапил долгоочекуваниот момент за реализација на вековниот бугарски сон, т.е. да се окупира, а потоа целосно да се бугаризира Македонија и македонскиот народ. Авторот, имајќи ја предвид основната цел на бугарскиот окупатор, ја разоткрива со научен приод и пред сѐ врз основа на бугарски извори. Концепцијата и структурата на трудот ги оправдуваат појдовните претпоставки, додека аргументите и новите документи ги исполнуваат поставените цели. Сето тоа е поткрепено со 887 фусноти, од кои 600 од бугарска провиниенција, а 200 се јавуват за прв пат во историографската наука. Голем дел од користените документи до неодамна биле со ознака „државна тајна" или „строго доверливи", а некои се и од фондот на ОЗНА.

Трудот е концепиран со логичен след на темите и настаните. Тој се состои од предговор, вовед, шест поглавја и заклучок. Потоа следи библиографија, кратенки и регистар на личните и географските имиња.

Во првата глава „Подготовките на Бугарија за II светска војна", на триесе-тина страници се разработени политичките, воените, идеолошките и економските подготовки. Притоа, акцент е ставен на анулирањето на Нејскиот договор од 1919 година, според кој Бугарија можела да поседува 33 000 војска. Меѓутоа, во 1939 година по

раскинувањето на тој договор, бугарската армија брои 72 000 војници, во јануари 1941 година; Бугарија располага со 350 000 редовна војска со можност да мобилизира 641 390 лица. По пристапувањето кон Тројниот пакт на 1. 03. 1941 година, во Бугарија навлегла Дванаесетата германска армија во јачина од 680 000 војска. Со тоа, Бугарија станала војнички најсилна држава на Балканот и се создале воените претпоставки за остварување на Санстефанската фикција.

Воспоставувањето на бугарскиот окупациски ситем е разработено во втората глава. Таа активност започнува на 18 април 1941 година со навлегувањето на бугарските војски во Македонија. Со тоа фактички е анулирана Букурешката поделба на Македонија од 1913 година и е воспоставена нова. Најпрво во Македонија биле формирани бугарските воени и полициски органи. Веднаш потоа започнало и воспоставување на бугарската административна власт, чии што органи биле формирани однапред во Бугарија. Со поделба на епархиите во Македонија, од јули 1941 година, била воспоставена и бугарска црковна окупациска власт, а со тоа фактички бил комплетиран бугарскиот окупациски систем. Во оваа поглавје е опфатен и бугарско-италијанскиот спор околу разграничувањето во Македонија, како и бугарските профашистички организации.

Третата глава е посветена на формирањето и дејноста на квислиншките и колаборационистички сили во Македонија. Истовремено се дава односот на македонската политичка емиграција на Македонците внатре во Македонија и односот на бугарските окупатори кон Македонците воопшто. Квислиншките сили во Македонија не успеале да создадат своја политичка творба, иако за тоа правеле обиди. Сепак, тие, формирале свои вооружени сили кои биле во функција на бугарскиот окупатор. Паралелно со бугарските, постоеле и албански квислиншки сили кои често пати меѓусебно соработувале. Слична соработка постоела и со колаборационистичките, т.е големосрпските четнички сили. Всушност, бугарскиот окупатор ги ангажирал сите овие сили, без оглед на нивната идеолошка определба, доколку биле против движењето на отпорот и антихитлеровската коалиција. На друга страна бугарската власт, сепак немала доверба во македонските сили, дури и кон оние што изразувале бугарска определба. Поради тоа, некои македонски сили отворено соработувале со германскиот окупатор. Во нивните замисли била присутна идејата за независна Македонија во која живеат Бугари, што било спротивно на интересите на македонскиот народ.

Бугарските настојувања за воспоставување на Бугрија во рамките на прелиминарниот Санстефански договор за кратко време биле остварени во почетокот на II светска војна но, и тогаш само привремено во зависносот од придонесот во изградувањето на Хитлеровиот „Нов поредок". Тој период, Бугарите настојувале максимално да го искористат за денационализација и асимилација на македонскиот народ. Со променување на личните и георграфските имиња, присвојување на историски личности, настани и објекти и со примена на репресивни мерки кои според меѓународното право се третираат како геноцидна постапка, какви што биле присилната мобилизација, интернацијата, депортацијата, раселувањето, концетрационите логори, воените злосторства и други, Бугарите, само ги потврдиле целите и намерите против кои македонскиот народ се борел со векови против разни завојувачи. Сите овие настани се разработени и документирани во четвртата глава.

Во петата глава, авторот Стојчев, ја елаборира Народноослободителната борба како вековен стремеж, но и како одговор на бугарското „ослободување .

Рамномерно е разработена борбата на македонскиот народ во сите делови на Македонија и односот на Коминтерната и балканските комунистички партии кон македонското прашање. Значаен простор е посветен на идејата за обединување на

Македонија и обидот на раководството на Македонското народноослободително движење да се поканат Македонците од спротивните струи за да земат учество во дефинитивното ослободување на Македонија. Всушност, тоа бил обидот на Ченто и Чучков да ги повикат Чкатров и Станишев да се рехабилитираат, како и други личности.

Распадот на бугарскиот окупациски систем во Македонија и обидот на Бугарија да се повлече од Тројната оска е расветлен во шестата глава од книгата. Освен тоа, тука се разработени и воените злосторства според меѓународното воено право и судењата во врска со тоа извршени во Македонија и Бугарија.

Студијата на д-р Ванче Стојчев „Бугарскиот окупациски систем во Македонија 1941 -1944 година" е од особено значење бидејќи дава изворни и документирани сознанија за следниве настани:

1. Бугаризирањето на Македонија постојано е присутно во идеологијата на инспираторите на големобугарската политика. Секоја кризна состојба на Балканот или во Европа се користи за актуелизирање на македонското прашање, а потоа Бугарија се јавува како негов заштитник.

2. Аргументирано се докажува дека неколку години пред почетокот на II светска војна, бугарската влада во рамките на подготовките за војната го наметнала македонското прашање како проблем, кој треба да го реши со германските воени сили.

3. Врз основа на германска и бугарска документација се докажува дека во текот на II светска војна, Бугарија не била ослободител во Македонија, туку окупатор, кој не само што спроведува терор и злосторства, туку свесно, ги кршел сите норми на меѓународното воено право.

4. Иако во Македонија не била формирана квислиншка политичка творба, сепак квислиншките и колаборационистички сили формирале свои воени сили, кои се ставиле во служба на германскиот и бугарскиот окупатор.

5. Во студијата се докажува дека бугарската влада немала доверба ниту во една македонска политичка структура, дури ни во оние што биле бугарски или пробугарски ориентирани.

Во целина, студијата претставува мошне успешна синтеза на изворност, оригиналност и умереност. Освен за воената историја, студијата е од особено значење за политичките настани од поблиското минато.

Ванчо ЃОРЃИЕВ

Д-р Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата (1941–1944). Институт за национална историја, Архив на Македонија и Матица Македонска, Скопје 1998, 316.

Неодамна, како резултат на повеќегодишни истражувања и работа на полето на историската наука, македонската историографија стана побогата за уште едно издание. Овој пат, тоа, како издавачи го направија Институтот за национална историја, Архивот на Македонија и Матица Македонска со објавувањето на книгата на д-р Глигор Тодоровски под наслов “Западна Македонија за времето на окупацијата (1941–1944)”. Оваа книга во својата основа претставува дополнување на претходните две издадени монографии со истоимен наслов (во 1975 и 1982 година), која ја третира проблематиката тесно поврзана со Втората светска војна и во неа е компонирана окупацијата на просторот на Македонија што се наоѓаше под италијанска власт.

Трудот на д-р Глигор Тодоровски, кој изнесува 316 страници, покрај предговорот, тематски е поделен на четири дела, поделени во повеќе глави (13) со бројни разработени поднаслови, кои ја